Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
**од Сто дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 декември 2021 година**

**Скопје, декември 2021 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 декември 2021 година**

Седницата започна во 10:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Зоран Маневски, заменик на министерот економија, Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи.

На седницата присуствуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа: Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата: Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Дополнет предлог на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

2. Ревидирана фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2022-2024 (со изгледи до 2026)

3. Ревидирана стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2022-2024 (со изгледи до 2026 година)

4. Предлог - одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите

5. Кадровски прашања

6. Прашања и предлози

7. Предлог-одлука за определување на највисоки цени на одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата го разгледа Дополнетиот предлог на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, го утврди и заклучи согласно член 180-а став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

### Точка 2

Владата ја разгледа Ревидираната фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2022-2024 (со изгледи до 2026), ја донесе истата со забелешките изнесени од Секретаријатот за законодавство, и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, за информирање.

### Точка 3

Владата ја разгледа Ревидираната стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2022-2024 (со изгледи до 2026 година), ја донесе истата, со забелешките изнесени од Секретаријатот за законодавство, и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, за информирање.

**<u>Точка 4</u>**

Владата ја разгледа Предлогот на одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, го утврди Предлогот на одлука, согласно забелешките изнесени од Секретаријатот за законодавство и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска Стрезоски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

**<u>Точка 5</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 6</u>**

**1.** Владата го одложи од разгледување Барањето за ослободување од плаќање надоместок за користење на услуги на воздухопловна навигација за два воени транспортни воздухоплови на Bulgarian Air Force за 3 декември 2021 година, со Предлог - одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на Предлог - одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 7</u>**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за определување на највисоки цени на одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало и согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство ја донесе Одлуката за определување на највисоки цени на одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**